Број 20 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2019

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2019/2020 година**

1. Се објавува Одлуката за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2019/2020 година, донесена на триесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 4 ноември 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7862/1**
**Датум: 05.11.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 3. Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на триесеттата седница, одржана на 4 ноември 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2019/2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат стипендии за 33 талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 27 од Прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- 6 од Втора категорија, во износ од 2.500,00 денари

**Член 2**

Исплатата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука, се врши месечно во период од 01.10.2019 година па заклучно со 31.12.2019 година и од 01.02.2020 година до 30.06.2020, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 и 2020 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464120 – стипендии за поддршка на млади таленти, по предходно спроведена постапка по објавениот оглас од страна на Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

За исплата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7681/4**
**Датум: 04.11.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2019/2020 година.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**